**Известување за концентрација со која Перутнина пТУЈ Д.О.О., Словенија, ќе стекна контрола врз Перутнина Птуј Албанија СХПК (предмет бр. 08-75/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 27.04.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Перутнина Птуј ДОО Словенија со регистрирано седиште на Потрчева Цеста 10, 2250 Птуј, Словенија има намера да стекне целосна сопственост и контрола над Перутнина Птуј Албанија СХПК Руга.Папа Ѓон Пали II, со регистрирано седиште на ул.Ndertesa Nr.12, Kati 11, zyra nr.1100, Тирана, Албанија

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Перутнина Птуј ДОО е друштво со долгогодишно искуство во живинарската индустрија и врши активности на производство и продажба на производи од живинарската индустрија. Перутнина Птуј ДОО е позната како еминентно квалификувана компанија за трансформација на работењето со цел зголемување на ефикасноста, продуктивноста и одржливоста. Истата е почитувана за додавање значајна вредност на локалната и националната безбедност на храната и квалитетот на производите во земјите, вклучително и поставување стандарди во индустријата кога станува збор за еколошки чуствителни работни политики. Истата го има постигнато тој успех со примена на најдобрите достапни практики.

Перутнина Птуј ДОО во овој момент поседува 81% од Перутнина Птуј Албанија СХПК и сака да ги купи сите преостанати удели во Перутнина Птуј Албанија СХПК со предложената трансакција, со што би стекнал целосна контрола врз истото.

Освен активностите со производство и продажба на производи од живинарската индустрија, други друштва од групацијата на Перутнина Птуј ДОО опфаќаат и консултантски дејности.

Групацијата на Перутнина Птуј ДОО е присутна на пазарот во Северна Македонија преку следните Друштва:

- Перутнина Птуј ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Столтенбергова бр. 4, ламела Б лево, влез 1, бр. 7, Центар, Скопје;

Перутнина Птуј ДОО, посредно или непосредно, има основано и други дваесет и три друштва во други земји во кои што има 100% сопственост или мнозинство од сопственички удели, и е мнозински сопственик на целното друштво.

Перутнина птуј Албанија СХПК, е друштво со седиште во Албанија кое работи во живинарската индустрија и се занимава со производство и трговија на производи од пилешко месо.

Подносителот смета дека како релевантниот пазар на стоки, за целите на оценка на предметната концентрација, би можел да се дефинира ***пазарот за производство и продажба на живинарски***

***производи, додека*** релевантниот географски пазар би можел да се дефинира како ***територијата на Република Северна Македонија.***

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

29.04.2026 година

Скопје